Милева ЃУРОВСКА

# ЗА ПОТРЕБАТА ОД СОЦИОЛОШКО ПРОУЧУВАЊЕ НА РАБОТНАТА СРЕДИНА ВО УСЛОВИ НА НАУЧНО-ТЕХНИЧКИОТ ПРОГРЕС

Денес на светската сцена воспоставува власт научно-техничката револуција т.н. компјутеризација. Таа претставува нов вид на енергија што се надградува на материјата и енергијата како содржини на претходните индустриски револуции. Во овој нов однос меѓу човекот и природата, човекот гради нов свет, нова стварност за која не можеше да се насети од пред извесно време. Во периодот на првата индустриска револуција настанаа крупни општествени промени и во таа смисла во една од своите преписки Маркс напиша: „Настапуваат индустриски и научни сили за кои ниедна епоха досега не знаеше. Пареата, електрицитетот и автоматската предилница беа многу поreволуционерни отколку Барби, Бланки и други револуционери“[1].

Ваквиот вид на производни сили секако дека предизвикуваат промени во сферата на општествените односи, промени во содржината и карактерот на трудот кои се рефлектираат на многу други подрачја од општествениот живот. Науката и техниката денес станаа производна сила и како такви тие претставуваат основен двигател на понатамошниот развој на секое општество. Во овој поглед некои земји отишле далеку, така што кај нив науката и научните истражувања претставуваат индустриска гранка која успешно се вклопува во општествената поделба на трудот остварувајќи притоа значајни резултати. Податоците покажуваат дека во развиените земји техничкиот прогрес се должи на науката и тоа од 60 до 80%.

Проблемот на науката и општествениот развој од неодамна и кај нас почна сè повеќе да се актуелизира на сите нивоа. Тоа не е веќе проблем само на одреден круг лица што се занимаваат со наука. Дојдено е до заклучок дека понатамошниот развој на социјалистичкото самоуправување единствено може да се оствари

[1] „Главни дела на Маркс и Енгелс“, „Култура“ Београд 1978 г.

ако на науката и се даде водечка улога и ако секоја понатамошна активност се раководи од резултати добиени од истражувањето на нашата стварност. А што се случува со нашата стварност? На една страна визијат на социјалистичкото самоуправување и положбата на човекот во него како разотуѓен човек, а на друга општествената практика и многубројните проблеми во неа. Науката и научните истражувања во сите области, како во природните така и во општествените науки, треба да претставуваат сврзувачко ткиво на вака двоинствената стварност, основа за понатамошниот развој на нашето општество врз самоуправни односи. И онака скромните истражувања што се спроведуваа до сега не ја остваруваа својата суштинска цел. Истражувањата како да се цел на поединци или институции на кои општеството не им придава големо значење. Дали е доволно општеството да оддели една скромна сума од 0,18% од бруто националниот доход за научноистражувачки цели и тогаш интересот за истата треба да престане. Денес во светот за науката се вложува многу, така што многу земји, вклучувајќи ги и земјите од источниот блок, располагаат со голем научен потенцијал. За тоа колку се инвестира за научни истражувања може да послужи примерот на холандската фирма „Philips“ која има посебна истражувачка дирекција со ограноци во сите делови на светот. За истражувачката работа, истата издвојува 3,5% од вкупниот промет. Секоја година се пријавуваат 1200 нови патенти, а се патентираат 500.

Научноистражувачката работа кај нас се карактеризира со парцијалност, недоволна кадровска и материјална опременост, мал број на истражувачки институции, непостоење на истражувачки институции во работните организации и мала соработка помеѓу постоечките. Според податоците од Статистичкиот годишник, во 1981 година имало 25 самостојни истражувачки институции со 159 научни работници истражувачи од секаков профил. Во стопанските организации се регистрирани 12 истражувачки центри со 23 научни работници — истражувачи. Тоа е нашиот вкупен научноистражувачки потенцијал кој, спореден со други земји, е навистина мал и не дава значајни резултати во оваа област. За сметка на сето ова кај нас долго време во експанзија беше странскиот „ум“. Тој (се мисли на странската наука и техника) воспостави силен авторитет во разни области на нашиот општествен живот во целина со тоа што нашата наука и истражувањата останаа настрана како помалку важни. Се поставува прашањето дали странскиот „ум“ нашето стопанство го чини поевтино бидејќи науката во некои земји претставува производствена гранка која остварува висока продуктивност на трудот и која бара пазар да го пласира својот производ. Секако дека провинцијализмот во науката е исто толку непожелен колку и запоставувањето на сопствената наука

и проучувањето на тековните процеси во самоуправната практика. Набавувањето на најсовремена опрема во странство од страна на стопанските организации ја подигна нашата земја до такво ниво да може да се споредува со поразвиените земји во светот. Како да постоеше натпревар меѓу производствените организации која ќе набави посовремена и поскапа технологија. Се купуваа лиценци за најобични работи, а не заради потребите на луѓето, туку, повеќе заради некои поединечни интереси при тоа загрозувајќи го општиот општествен интерес. Но, дали била доволна само техничката опременост? Дали странската техника, па и на нашата, е доволна сама за себе да даде висока продуктивност на трудот и рентабилно работење. Што е тоа од кое нашето стопанство чувствува празнина? Така, на пример, во 1983 година во многу стопански гранки не само што не дошло до зголемување на продуктивноста на трудот, туку дошло и до намалување, а кај останатите кои не останале на исто ниво има само мал пораст, приближно во просек 5%.

Ваквата состојба укажува на дејствувањето на други фактори кои не треба да се запоставаат, а тоа се организацијата на трудот и работењето, кадровската политика и други аспекти од социјалната работна средина, а во последно време и научнотехничкиот прогрес сфатен пошироко од механичко натрупување на средства за работа. Организацијата на материјалните елементи на производството е едно, а друго е управувањето со луѓето, со нивните разновидни индивидуални особини и мисли. Човекот не е исто што и машината и не треба да му се пристапи како на објект. Човекот во процесот на производството влегува како комплетна личност. Тој е единство на биолошки и психосоцијални елементи. Ни еден од овие елементи на работниковата личност не треба да се запостави, туку треба да им се посвети подеднакво внимание на сите. Токму на ова подрачје може да се согледа заедничкиот интерес на повеќе научни дисциплини во проучувањето на поведението на работниот човек во работната средина. Меѓу тие дисциплини спаѓа и социологијата на трудот која што го проучува општествениот карактер на трудот и односите помеѓу работните луѓе во остварувањето на конкретниот процес на трудот. Работната средина не ја чини само опремата, туку и целиот сплет на односи во вертикална и хоризонтална линија кои што преставуваат подрачје на проучување на социологијата. Проблемот на продуктивноста на трудот е проблем на целото општество и само со техничката опременост тој не ќе може да се разреши. Потребно е да се воспостави таква организација на производството во која капацитетите нема да се користат само со 30% и во која ќе се остварува задоволителна продуктивност на трудот.

„Социјалистичкото општество објективно не може да биде подобро општество се до тогаш додека не оствари поголема продуктивност на трудот. Продуктивноста на трудот ги проширува можностите на самоуправување на работниците. За Карл Маркс социјализмот ќе биде посупериорно општество кога ќе почне да остварува неспоредливо поголема општествена продуктивност на трудот“[2].

Продуктивноста на трудот е аналитичка величина, а реалитетот е процесот на производството со сите свои аспекти кои чинат една сложена целина. Меѓутоа, од тоа мноштво на елементи можат да се издвојат два сегмента и тоа техничката работна средина и социјалната работна средина. Овие два момента чинат единство, сепак, оваа втора област која најопшто кажано ја чинат вкупноста наопштествените односи во кои луѓето стапуваат во процесот на производството, е домен на интерес на социологијата, посебно на социологијата на трудот како специјална социолошка дисциплина. Социологијата на трудот, иако млада наука, постигнала значајни резултати во истражувањето на чавечкиот фактор. Таа, всушност, се конституира тогаш кога настануваат крупни промени во содржината и карактерот на трудот т. .е парцијализираниот монотон труд што го даваат автоматските и полуавтоматските машини во првата половина на овој век на површина го исфрлуваат проблемот на човекот-производител. Големите истражувачки зафати што ги врши Е. Мејо во Хоторн фабриките во САД претставуваат увод во истражувањето на социјалната работна средина и го истакнуваат нејзиното ѓолемо значење за функционирањето на претпријатието. Мејо со оглед на податоците што ги доби од истражувањата веднаш го преформулира ставот „Сите социјални проблеми не се веќе индивидуални туку, напротив, сите индивидуални проблеми се социјални. Клучот за мотивацијата на работниците да се ангажираат во производството беше најден — грижата за личноста на работникот, работникот да се идентификува со работната организација. Иако е многу критикувана, оваа теорија на Мејо и неговите соработници значи почеток во истражувањата во оваа област. И кај нас, посебно во шеесеттите години вршени се многубројни социолошки истражувања. Тоа е период кога беа потребни институционални промени на самоуправувањето и беше неопходно добро да се осознае самоуправната практика. Ако материјалното производство е база на општеството и се рефлектира во другите области, тогаш најпрво треба да се дејствува таму. Уставните амандмани ја наговестија промената за Уставот од 1974 година и нешто подоцна Законот за здружениот труд потполно да ги институционализира

[2] Д-р Милан Недков, „Самоуправувањето на работниците во здружениот труд“, „Култура“ Скопје 1980 г.

промените што треба да се остварат. Сега акцентот беше ставен за дружувањето, асоцијацијата на производителите, каде работникот треба да е главниот арбитар во репродукцијата во целина. Се јавија нови институции кои ќе ја заменат државата како посредувач меѓу економските субјекти, а тоа се самоуправните спогодби и општествените договори. Наместо колективни претпријатија, како што дотогаш се нарекуваа стопанските организации, сега е здружувањето на материјалните фактори на производството и трудот (тековниот) од работни единици и основните организации на здружен труд до сложени организации, што значи цел еден асоцијативен систем. Секако дека вака организираниот самоуправен систем е доста сложен, а самоуправната практика или како што проф, Жупанов ја нарекува „реалитет" е уште посложе на. На таквата стварност треба да се пристапи интердисциплинарно, не запоставувајќи го значењето на социолоцијата. На Запад истражувањата имаат за цел да го конзервираат постоечкиот поредок. Кај нас целта е поинаква, целта е да се проникне во суштината на појавите и процесите во општествената стварност, да се откријат причинско-последичните врски, за истата таа стварност да се промени кон понатамошниот развој на самоуправните односи.